Бр./Nr 12-1025/2

09.09.2022 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 74-та седница одржано на 06.09.2022 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата заведена под број 12-1025/1 од 17.02.2020 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување.

Предметот со број 12-1025/1 од 17.02.2020 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на непознат подносител, на ден 17.02.2020 година, поднесена е пријава и оформен е предмет број 12-1025/1 од 17.02.2020 година.

Во пријавата подносителот наведува дека одредено физичко лице вработено во Министерството за -------------------------------------------, воедно и член на Совет на Општина ----------, за деновите кога има седници на советот на општината и отсуствува од работа во министерството, од министерството прима плата како да бил на работното место. На тој начин, согласно подносителот, се постапува спротивно на член 150 од Законот за работните односи, при што бара од ДКСК да ја преиспита наведената состојба и да преземе соодветни мерки согласно постојната законска регулатива во однос на непочитувањето на јасните законски одредби.

Имајќи предвид дека согласно член 150 од Законот за работните односи работникот заради вршење на непрофесионална функција на која бил избран на непосредни државни избори има право на отсуство од работа со надоместок на плата, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување по конкретната пријава, по што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: Б.К.Ш.
Одобрил: Г.Т., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**